# Програма

**Д. Чимароза** - Соната Бр. 26, ге-мол

**Г. Ф. Хендел** - Суита бр. 4 де-мол HWV 437

Алеманда
Куранта
Сарабанда
Жига

**Ј. Хајдн** - Соната во Це-дур Hob. XVI: 48

Andante con espressione
Rondo

**Т. Зографски** - Десет минијатури за пијано Оп. 11 (премиерна изведба)

**Ф. Лист** - Етида “Un Sospiro” S.144 No 3

**Петре Штерјов** е роден на 26.03.1990 година во Велес. Завршува осново музичко училиште при ООМУ “Стефан Гајдов”- Велес како одличен ученик а веднаш потоа се запишува во средното музичко училиште во Битола каде завршува со одличен успех (5.00) и како ученик на генерацијата. Дипломирал на факултетот за музичка уметност во Скопје на одделот музичка теорија и педагогија и хорско диригирање во класата на проф. м-р Сашо Татарчевски со оценка 10. Во моментов е студент во трета година на одделот Пијано, во класата на проф. д-р Милица Шкариќ, при универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Одржал голем број солистички пијано рецитали, концерти во рамките на универзитетот „Гоце Делчев“, како и редовни настапи на концертите на студентите по пијано од класата на проф. Шкариќ. Настапил како солист и со Македонската Филхармонија.Добитник е на голем број награди: 1-ва награда Солфеж (2007 год.); 1-ва награда Солфеж (2009 год); 2-ра награда Камерна музика (2008 год); 2-ра награда Солфеж (2005 год); 1-ва специјална награда (100 поена) и “Grand prix“ на Интернационалниот натпревар по музика „Дојрана“ (2014 год)., како и покана за свој настап во Берлин. Добитник е на 9-то ноемвриско признание од Општина Велес, за афирмација и промоција на општината во областа на културата и уметноста.